Број на Службен весник: 150/2012
Датум на објавување: 29.11.2012

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 78 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

### Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Македонија" бр. 122/09 и 36/12), во член 2 во ставот 1 точката 1 се менува и гласи:
„1. важечка лична карта за државјани на Република Македонија, дозвола за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството."

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-7198/4
7 ноември 2012 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Спиро Ристовски,** с.р.